20091312563

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 19.08.2009 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ДЕТЕ ВО СТРАНСТВО ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за превоз на дете во странство како услуги во болничката здравствена заштита кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита плаќа на здравствените установи за следните услуги и по следните цени:

Шифра	ВИД НА УСЛУГА	РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА
ТДС01	Превоз со специјално санитетско возило на дете со стручна придружба во странство до 250 км	6.270
ТДС02	Превоз со специјално санитетско возило на дете со стручна придружба во странство од 250 км до 500 км	11.570
ТДС03	Превоз со специјално санитетско возило на дете со стручна придружба во странство над 500 км	21.410

Референтната цена ги опфаќа трошоците за превоз на дете со специјално санитетско возило со стручна придружба во странство при одење и враќање.

Референтните цени од член 2 на оваа одлука се утврдени според Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната и болничката здравствена заштита (Број 02-23012/4 од 14.11.2008 година).

Референтните цени утврдени во член 2 од оваа одлука се максимални цени кои Фондот ќе ги плаќа за соодветните услуги.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-16834/5
19 август 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Беким Сали, с.р.